**АКАДЕМИЈА**
**за обука на судии и јавни обвинители**
**и нивни заменици на Република Македонија**

Врз основа на член член 9, став 1, алинеја 16 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06), Управниот одбор на Академијата, на седница одржана на 3 мај 2007 година, ја усвои следнава

# П Р О Г Р А М А

# за работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2007 година

**Скопје, мај 2007**

# ОПШТИ НАПОМЕНИ

Во согласност со член 18, алинеја 4 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2006), Директорот на Академијата ја изготви и ја поднесува на разгледување и утврдување Предлог Програмата за работата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2007 година.

Собранието на Република Македонија го усвои Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители на седница одржана на 25 јануари 2006 година, и истиот е објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2006 од 1 февруари 2006 година. По истекот на периодот од 8 дена од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија" (*vocation legis*), согласно член 57**,** Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители влезе во сила на 9 февруари 2006 година**.**

## ПРАВНА РАМКА

### Устав на Република Македонија

Уставот на Република Македонија, дополнет со Амандманите на Уставот на Република Македонија I-XXX, ги втемелува основните принципи кои се однесуваат на спроведување на правдата:

- Република Македонија се конституира како суверена и самостојна и како граѓанска и демократска држава, во која се воспоставува систем на владеење на правото, како темелен систем на власта;
- Се гарантираат човековите права, граѓански слободи и национална рамноправност;
- Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви;
- Државната власт е поделена на законодавна, извршна и судска;
- Судовите се самостојни и независни и судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

### Реформата на правосудниот систем

Поставеноста на правосудството во Република Македонија, вклучувајќи го и статусот на судиите и јавните обвинители, претрпе значителна трансформација во последните неколку години. Имено, во текот на 2005 и 2006 година, во рамки на Стратегијата за реформа на правосудниот систем, заедно со Акцискиот план за нејзино спроведување, чии главни цели се јакнење на независноста и непристрасноста и зголемување на ефикасноста на правосудниот систем, се реализираа крупни законодавни активности. Уставните амандмани усвоени во декември 2005 година овозможија суштински промени во поставеноста и функционирањето на правосудните институции. Изборот и разрешувањето на судиите и јавните обвинители премина во

исклучива надлежност на Судскиот совет на Република Македонија (мнозинството на неговите членови ги избираат судиите од своите редови) односно на Советот на јавни обвинители. Се овозможи и реструктуирање на судовите по специјализирани области, итн.

Важен критериум за зајакнување на независноста на судиите и јавните обвинители се и нивната селекција, едукација и критериуми за избор, кој критериум е обезбеден со востановувањето на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, која во рамки на својата дејност спроведува почетна обука на кандидати за судии и заменици јавни обвинители и постојано стручно усовршување на судии, јавни обвинители и нивни заменици. Во рамки на општи и посебни специјализираните програми, Академијата, согласно Законот и Статутот, спроведува едукација и за новоизбрани судии и новоименувани јавни обвинители, за стручни соработници во судовите и јавните обвинителства, државните службеници од Министерство за правда кои вршат работи од областа на правосудството и обука на едукатори.

Причината за донесување на Законот за Академија за обука на судии и обвинители е прецезирана со Стратегијата за реформа на правосудниот систем што Владата на Република Македонија ја усвои во ноември 2004 година, каде меѓу повеќето идентификувани слабости на правосудниот систем се споменува и непостоењето на систем на континуирана едукација на судиите, обвинители и останатиот кадар вработен во судството и обвинителство, што има директно влијание врз стручното и професионалното вршење на судиската и обвинителската функција. За таа цел, во рамките на реформата посебно внимание е посветено на јакнењето на независноста на судството, покрај другото, и преку редефинирање на статусот на судиите и обвинителите, вклучувајќи ги постапките за нивна селекција и избор како и системот на нивната едукација.

Во периодот по осамостојувањето, формите за стручно усовршување на судиите во најголем дел беа реализирани од Центарот за континуирана едукација. Центарот за континуирана едукација (ЦКЕ) функционираше во рамките на Здружението на судии на Република Македонија, како континуитет на Комитетот за едукација и тој примарно се фокусираше на континуираната едукација и стручното усовршување на судиите, стручните соработници и судската администрација. Согласно член 48 од Законот, Академијата претставува правен следбеник на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија и се надградува над искуствата и резултатите на активностите на Центарот.

Во рамки на својата дејност, а согласно овластувањата дадени со Законот и Статутот, Академијата за обука на судии и јавни обвинители организира и спроведува обуки за постојано стручно усовршување на следниве целни групи:

1. **Стручно усовршување на судии и јавни обвинители, кое ќе опфати:**
   - 522 судии во сите судови во Република Македонија;
   - 159 јавни обвинители или нивни заменици во сите јавни обвинителства во Република Македонија.

2. **Стручно усовршување на новоизбрани судии и новоименувани јавни обвинители, кое согласно член 128 од Статутот на Академијата е во траење од три месеци и кое ќе опфати:**
   - 67 новоизбрани судии во сите судови во Република Македонија;
   - 21 новоименувани обвинители во сите јавни обвинителства во Република Македонија

3. **Стручно усовршување на државните службеници во Министерството за правда, кои вршат работи од областа на правосудството, во рамки на специјализирани програми наменети првенствено за судии и јавни обвинители**
   - бројот на државните службеници во Министерството за правда, кои ќе бидат вклучени во овие програми сеуште не е определен

4. **Стручно усовршување на стручни соработници во судовите и јавните обвинителства, кое ќе опфати:**
   - 308 стручни соработници во сите судови во Република Македонија;
   - 39 стручни соработници во сите јавни обвинителства во Република Македонија

5. **Стручно усовршување на судските и обвинителските службеници, кое ќе опфати:**
   - 1.500 службеници во сите судови во Република Македонија;
   - 230 службеници во сите јавни обвинителства во Република Македонија.

Генералната стратегиска цел на Академијата за обука на судии и јавни обвинители е да обезбеди компетентно, професионално, независно, непристрасно и ефикасно вршење на судиската и обвинителската функција преку селекција, организирање и спроведување на почетна обука на кандидатите за судии и обвинители во основните судови, односно основните обвинителства и постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите и судските и обвинителските службеници.

Во согласност со реализацијата на својата стратегиска мисија, Академијата ги утврдува и своите програмски и институционални цели, и тоа:

**Програмски цели:**

- Во рамки на спроведувањето на програмите за обука да развива нови современи методи на учење, со цел да одговори на барањата и потребите на своите целни групи;
- Да ја зголеми способноста на судиите и јавните обвинители за водење на фер и ефикасни судски постапки, следејќи го правецот па развој на правните и институционалните реформи во државата;
- Да ги зајакне етичките стандарди и професионален интегритет на судиите и јавните обвинители, во согласност со принципот на владеење на правото;

- Да создаде профил на судии и јавни обвинители кои ќе водат независни и непристрасни судски постапки во согласност со меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, преку познавање и толкување на Европската конвенција за човекови права, како и судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбур;
- Да создаде профил на судии и јавни обвинители, кои ќе го имаат потребното знаење и способност да го следат процесот на хармонизација на националното законодавство со тоа на Европската унија, преку запознавање и толкување на легислативата на Европската унија, како и судската пракса на Европските суд на правдата во Луксембург.
- Да создаде структура на стручни соработници во судовите и јавните обвинителства, кои ќе претставуваат силна поддршка на судиите и јавните обвинители во водењето и менаџирањето на предметите, правното истражување и изготвувањето на судските одлуки и обвинителските акти, преку продлабочени познавања на правото и особено со практични вештини на подготвување на рочиштата, изработка на судско обвинителски одлуки, познавање на странски јазици и користење на информатичка технологија во работата;
- Да создаде структура на судски и обвинителски службеници, кои ги имаат потребните знаења и вештини да даваат ефикасни и брзи административни услуги во корист на граѓаните во рамки на судските постапки, кои спроведуваат успешен систем на менаџирање на предмети, имаат високо ниво на комуникација со странките во согласност со нормите предвидени со кодексите за етичко и професионално однесување, преку познавање на странски јазици и преку имплементација на најновите технолошки достигнувања во сферата на судската и обвинителската администрација, а особено за автоматско водење на заведување и водење на предметите и списите, како ефикасна брана од коруптивно и неефикасно работење.

**Институционални цели:**

- Градење на капацитетите на Академијата, преку доопремување со човечки ресурси;
- Формирање на сите органи и тела на Академијата;
- Формирање на структура на едукатори во Академијата;
- Јакнење на соработката на Академијата со домашни и странски институции и организации;
- Развој на библиотеката на Академијата, преку обезбедување ресурси на теоретска и практична литература за потребите на обуките кои ги спроведува.

# ОРГАНИ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Организационата структура на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија е веќе целосно оформена и ја сочинуваат:

- Управен одбор, кој е орган на управување со Академијата;
- Директор, кој е орган на раководење со Академијата;
- Извршен директор, кој е извршен орган во Академијата;
- Програмски совет, кој е стручен орган на Академијата и во чија надлежност е давање насоки и утврдување на предлозите на програмите: за приемен испит, за почетна обука, за завршен испит, за постојано стручно усовршување, за обука на едукатори и други специјализирани програми**,** а кој беше основан со одлука на Управниот одбор, во февруари 2007 година, по доставувањето на предлози на членови на Програмскиот совет од страна на надлежните институции.

Комисија за квалификација и прием на кандидати, согласно динамиката на спроведување на активностите и во смисла на член 72 од Статутот на Академијата, ќе биде конституирана по распишувањето на јавниот оглас за прием во Академијата, а по назначувањето на нејзините членови од страна на надлежните институции. Во надлежност на Комисијата за квалификација и прием на кандидати е објективното спроведување на целокупната постапка за селекција и прием на кандидатите во Академијата.

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Академијата за обука на судии и јавни обвинители, согласно стратегијата, треба да се изгради како модерна, високо угледна стручна установа, која ќе создава висок профил на професионално обучени европски судии и обвинители, а неопходен услов за тоа е висок квалитет, стручност и обученост на персоналот кој ќе работи во спроведувањето на таа дејност.

Целосното започнувањето со работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и активностите за обука на судиите и јавните обвинители и другите судско обвинителски кадри е приоритет во реформите на правосудството во Република Македонија за јакнење на неговата компетентност, професионалност и независност, што претставува значаен предуслов и критериум за отпочнување на преговорите на Република Македонија како земја кандидат за полноправно членство во Европската унија.

Во моментот, стручната служба на Академијата ја сочинуваат четворица вработени, кои согласно член 49 од Законот за Академија беа превземени од Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија и по донесувањето на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Академијата за обука на судии и јавни обвинители беа распоредени на работни места со следниве звања: раководител на Одделение за постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители и нивните заменици; раководител на Одделение за човечки ресурси; раководител на Одделение за информатика и Советник за административно технички работи.

Согласно Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) усвоена од Владата на РМ на 19 март 2007 година, а на 13 април 2007 година одобрена и од Собранието на Република Македонија**,** во која, меѓу другото, се проектирани среднорочните приоритети на Академијата во поглед на институционалното зајакнување, кадровско екипирање и јакнење на административните капацитети, во текот на 2007 година предвидени се 5 нови вработувања во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Покрај вработувањата предвидени во НПАА, можност за вработувања во Академијата има и преку Програмата К5-соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, која ја спроведува Секторот за спроведување на Рамковниот договор во Владата на РМ, согласно која се вработуваат припадниците на националните заедници.

За одржување на капацитетите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, заради остварување на сите амбициозни цели предвидени во Законот и Статутот, како и за обука на сите целни групи, активности кои бараат огромен

ангажман и напор, на Академијата треба да и се овозможат уште нови вработувања и да се планира зголемување на буџетот за тие цели.

# ОПШТИ АКТИ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Согласно член 9, став 1, точка 15 од Законот за Академија, Директорот на Академијата ги предложи, а Управниот одбор ги усвои следниве Правилници:

- Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, усвоен од Управниот одбор, на седница одржана на 27 декември 2006 година;
- Правилник за начинот и постапката на вршење јавни набавки од мала вредност, усвоен од Управниот одбор, на седница одржана на 26 јануари 2007 година, заедно со Измените и дополнувањата Правилникот за начинот и постапката на вршење јавни набавки од мала вредност, усвоен од Управниот одбор, на седница одржана на 2 април 2007 година;
- Правилник за едукатори и ментори во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, усвоен од Управниот одбор на седница одржана на 27 февруари 2007 година;
- Правилник за начинот и постапката за полагање и оценување на квалификацискиот тест во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, усвоен од Управниот одбор на седница одржана на 2 април 2007 година;
- Правилник за начинот и постапката за полагање и оценување на приемниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, усвоен од Управниот одбор на седница одржана на 2 април 2007 година.

До крајот на 2007 година, Академијата за обука на судии и јавни обвинители ќе ги изготви и ќе ги предложи на усвојување на Управниот одбор следниве правилници:

- Правилник за почетокот, редот и дисциплината, дисциплинската одговорност и други права и обврски на кандидатите во врска со одвивањето на почетната обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.
- Правилник за начинот и постапката за полагање и оценување на завршниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

# ПОЧЕТНА ОБУКА НА КАНДИДАТИ ЗА СУДИИ И ЗАМЕНИЦИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Согласно Законот, Академијата за обука на судии и јавни обвинители спроведува почетна обука за кандидати за судии и заменици јавни обвинители, која ќе биде дизајнирана на начин кој ќе им овозможи:

- да се стекнат со теоретско правно знаење, комбинирано со практични аспекти;
- да се стекнат со солидни познавања на правото и праксата на меѓународните судови, особено на Европскиот суд за човекови права и Европскиот суд на правдата во Луксембург;
- да развијат способност за толкување и примена на правото на воедначен начин;
- да развијат способност за логички структуирано резонирање;
- да ги прошират знаењата од странски јазици и информатичка технологија.
- да развиваат комплементарни вештини потребни за создавање на свест за социјалниот аспект на професијата

Стартот на почетната обука во Академијата и бројот на кандидатите кои ќе бидат примени е определен со објавување на Одлуките на Судски совет на Република Македонија и Советот на јавни обвинители за бројот на слободни места за судии и заменици јавни обвинители во основните судови, односно основните јавни обвинителства, од кој датум, најдоцна во рок од 15 дена, Управниот одбор ќе објави Одлука за распишување на јавниот оглас за прием во Академијата. Јавниот оглас ќе ја вклучува и Програмата за приемен испит која ги опфаќа темите и библиографијата кои пријавените кандидати ќе треба да ги изучуваат при подготовката за квалификациониот тест и приемниот испит и упатство со поединости за начинот на кој тестот и испитот ќе бидат спроведени. Квалификациониот испит ќе се спроведе во рок од најмалку 30 дена по денот на објавување на јавниот оглас.

Селекцијата на пријавените кандидати за прием во Академијата ќе се врши врз основа на квалификациски тест и приемен испит, кои ќе се спроведат согласно правилата и принципите утврдени со Правилникот за начинот и постапката за полагање и оценување на квалификацискиот тест во Академијата за обука на судии и јавни обвинители и Правилникот за начинот и постапката за полагање и оценување на приемниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, двата објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/07, во месеците јуни и јули 2007 година, а согласно Програмата за приемен испит, која, покрај тоа што ќе биде објавена во „Службен весник на Република Македонија“ во втората половина на мај 2007 година, ќе биде објавена и на огласните табли на судовите и јавните обвинителства во Република Македонија, на интернет страницата на Академијата, како и на друг соодветен и транспарентен начин.

Програмата за приемен испит се изготвува на начин и со цел кандидатите за прием во Академијата да се подготват за полагање на квалификацискиот тест и

приемниот испит и ќе содржи селектирани теми, со посебен акцент на основните институти на материјалното и процесното право, како и најновите измени во материјалното и процесното законодавство од правните области кои ќе бидат опфатени со квалификацискиот тест и приемниот испит.

По завршувањето на постапката за прием на кандидати, доколку навремено се донесат Одлуките на Советите кои ќе означат почеток на процесот на прием, се очекува во октомври 2007 година, Академијата за обука на судии и јавни обвинители да започне со почетната обука на кандидати за судии и јавни обвинители, која ќе се одвива, согласно Програмата за почетна обука, во времетраење од 15 месеци, и тоа, 5 месеци теоретска настава и 10 месеци практична настава во судовите и јавните обвинителства, како и во други правосудни органи, институции и организации кои имаат допирни точки со извршувањето на судиската и обвинителската функција.

Академијата, преку почетната обука ќе обезбедува кандидатите за судии и јавни обвинители да добијат продлабочени знаења од правните области од националното и меѓународното материјалното и процесно право од практичен аспект, да стекнат основни технички способности и вештини потребни за секојдневно извршување на професијата, способност за ефикасно, независно и непристрасно одлучување, употреба на јасен разбирлив јазик во процесните акти, изучување и примена на европската димензија на правото, отвореност спрема компаративните искуства, плуралистичко сфаќање на социјалната средина и мултикултурноста на општеството во кое ќе ги донесуваат одлуките.

Теоретската настава ќе се изведува во просториите на Академијата во работни денови и во текот на работното време, а по потреба и надвор од Академијата, по завршување на работното време и во неработни денови, а согласно Програмата за почетна обука, наставниот план и распоредот на часови.

Во наставата ќе се применува методолошки плурализам, односно комбинација на теоретско практичен пристап со користење на следните наставни методи, и тоа:

- предавања - во мерка потребна за примена на правото,
- дебати и дискусии
- практични тестови и вежби
- анализа и презентација на актуелни правни и општествени проблеми
- анализа на вистински и хипотетички случаи
- учество во симулирани случаи
- изработка на есеи, процесни акти и други писмена
- подготовка на извештаи, завршни зборови и други усни презентации
- други методи по избор на едукаторите со кои ке се стимулира интерактивно учество на сите слушатели, потоа
- посети на државни и други органи и институции поврзани со конкретно обработуваната тема, учество во континуираната обука организирана од Академијата
- учество на семинари, дебати и работилници на други целни групи, на НВО, цивилно општество

- учество во програмите за размена на слушатели, во рамките организирани од другите институции за обука во Европа и светот и од Европските и меѓународни тренинг мрежи (Лисабонската мрежа и EJTH Europian Judicial Training Network)

Практичниот дел од почетната обука, кој ќе следува по завршувањето на теоретската настава, ќе се спроведува под насоки и упатства на ментори – судии и јавни обвинители, првенствено во судовите, односно во јавното обвинителство, како и во други правосудни органи, институции и организации кои имаат допирни точки со извршувањето на судиската и обвинителската функција.

Практичната настава се ќе спроведува особено преку следниве методи:

- присуство на расправи и претреси што ги води менторот на кандидатот;
- изготвување нацрт-судски одлуки, обвинителни и други акти;
- учество во симулирани судења;
- извршување правни работи во други правосудни органи и сродни институции и организации.

Во поглед на евалуацијата на почетната обука, кандидатите ќе имаат можност да даваат континуирана оценка, сугестии и мислења, во поглед на квалитетот на понудените програмски содржини, наставните методи, актуелноста и достапноста на наставниот материјал, изведувањето на наставата од едукаторите и организацијата на наставата од страна на Академијата.

# ПОСТОЈАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Согласно Законот, Академијата за обука на судии и јавни обвинители спроведува обука за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители, преку општи и специјализирани програми кои ќе бидат дизајнирани на начин кој ќе овозможи:

- Обука на судиите и јавните обвинители од областа на општите теми, практични искуства во примената на законските решенија, како и новините во материјалното и процесното законодавство и практика од основните области на правото,
- Обука во духот на правото на Европската унија, особено судската практика на Европскиот суд за човекови права и Европскиот суд на правдата
- Развивање на способности и вештини кои се поврзани и специфични за професијата судија или јавен обвинител, преку обезбедување на обуки во согласност со етички и деонтолошки правила, како и создавање на цврста врска на судиите и јавните обвинители со општеството во целина

Постојано стручно усовршување во Академијата се дизајнира врз основа на претходно детално испитување, анкетирање и анализа на потребите на судиите и јавните обвинители, како и преку користење на компаративни материјали.

Покрај тоа, во контекст на целите и приоритетите на Република Македонија за акцесија кон ЕУ, потребата од хармонизација на домашното законодавство со меѓународното и потребата, домашните судии и обвинители да ги применуваат меѓународните стандарди во секојдневното постапување, постојаното стручно усовршување ќе даде приоритет на изучување на европската и меѓународната димензија на правото, борбата против корупција, зајакнување на свеста за социјалната димензија на професијата, организираниот криминал, заштита на интелектуалната сопственост, конкурентско право, усовршување на знаењата на странски јазици и компјутерска технологија.

По усвојување на Програмите за постојано стручно усовршување за сите целни групи, Академијата ќе подготви детален календар на тренинг активностите, вклучувајќи ги темите, содржината на курсевите и семинарите, датумот и местото, слушателите, едукаторите, постапката и рокот за пријавување на учесниците. Календарот ќе биде дистрибуиран до секоја целна група и објавен заедно со програмата на интернет страницата на Академијата. Датумите во календарот ќе бидат одредени доколку се познати кога се подготвува календарот. Во спротивно, датумот ќе се објавува и ќе се испраќа известување две недели пред настанот. Секој заинтересиран за учество ќе треба да пополни стандардизиран образец, кој ќе го испрати по пошта или e-mail пред почетокот на обуката.

Програмата за постојано стручно усовршување ќе биде составена од неколку модули кои опфаќаат општи теми, практични искуства во примената на законските

решенија, новините во материјалното и процесното законодавство и пракса од основните области на правото, граѓанско и кривично, како и меѓународно и право на Европската унија, а со цел судиите и јавните обвинители да стекнат и развиваат не само основни професионални правни знаења, и инструкции за толкување и примена на прописите, туку и комплементарни вештини потребни за вршење на судиската односно обвинителската функција, како што се етика, менаџирање, изнаоѓање на алтернативни начини за решавање на споровите, развивање на комуникациски способности со странките и јавноста. Програмата за стручно усовршување на судиите и јавните обвинители, покрај теми и прашања содржани во општите програми за постојано стручно усовршување ќе опфати и посебни теми и прашања во зависност од материјата на која работат.

Модулите кои се однесуваат на материјалното и процесното право ќе бидат фокусирани на секојдневната практичната работа на судиите и обвинителите, пред с# преку анализа на практични случаи, изработка на акти, пресуди, обвинителни акти и слично. Воедно, поради актуелноста, тие ќе опфаќаат и одредени теоретски прашања како и запознавање со најновите научни и стручни достигнувања во областа на националното, меѓународното и европското право.

Обуките ќе се реализираат централизирано, во просториите на Академијата, како и децентрализирано, во поединечните судови, во исклучиво работна средина (ќе се избегнува организирање на обуки во хотели). Интенција на Академијата е обуките да се закажуваат и спроведуваат попладне, пред истекот на работното време на судиите и јавните обвинители, со што ќе се избегне одлагање на рочиштата а со тоа и намалување на нивната ефикасност во извршувањето на функцијата како судија или јавен обвинител.

Методите за реализација на обуките во рамки на постојаното стручно усовршување ќе бидат во вид на учество на семинари, работилници, заеднички состаноци со целните групи, тркалезни маси, конференции и други облици на стручно усовршување, сообразено со потребите на судиите и јавните обвинители, а на кои ќе се изведуваат предавања, дебати, практични вежби, анализа на домашна и меѓународна пракса, со користење на современи техники за учење за возрасни, а според карактерот на темите и областа која е предмет на обуката. Обуките, исто така, ќе бидат степенувани на различни нивоа (почетно, напредно) и на тој начин ќе се обезбеди систематизација на пакетот на знаења кој ќе се стекне, како и специјализација на судиите и јавните обвинители во одредени области и теми.

Со оглед дека со член 43 од Законот за Академија е предвидено времетраењето на стручното усовршување на судиите и јавните обвинители сообразно со нивниот работен стаж како судии и јавни обвинители, Академијата, покрај тоа што ќе им издава потврди на судиите, обвинителите и државните службеници од Министерството за правда за бројот на часовите поминати на постојано стручно усовршување и тие податоци ќе ги доставува до Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавни обвинители и министерот за правда, ќе води и постојано ќе ажурира евиденција за часовите и ќе им ја доставува на судиите, јавните обвинители и државните службеници од Министерството за правда на секои шест месеци, со цел тие, во секој

момент, да имаат преглед на часовите кои ги поминале и кои им останува да ги поминат на обука, во смисла на член 43 од Законот.

Имајќи предвид дека реформите во правосудството не може да ги спроведат поединци, туку сите претставници на правосудството заедно, Академијата ќе настојува кај судиите и јавните обвинители да развие активно учество и вклучување во континуираната обука, како и одговорност за сопствено стручно усовршување, а по завршувањето на обуките давање на постојана оцена за понудените содржини, материјали, изведувањето на обуките и квалитетот на презентациите на едукаторите од Академијата, со цел за постојано унапредување на квалитетот на едукацијата и работата на Академијата.

Евалуацијата на тренингот од областа на постојаното стручно усовршување и на едукаторите, кој ќе го обезбедува Академијата, ќе се врши според објективни критериуми за оценување, преку стандардни прашалници за квалитетот и успешноста на обуката, кои по завршувањето на секоја едукативна активност ќе го пополнуваат самите учесници. Покрај тоа, редовно ќе се проценува објективноста и конзистентноста на стандардите на оценување.

# ЕДУКАТОРИ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Во согласност со член 18, став 1, точка 6 од Законот за Академија, Директорот на Академијата изготви и предложи листа на постојани и повремени едукатори, кои ќе ја спроведуваат обуката во рамки на посебните програми за почетна обука и постојано стручно усовршување.

Предлог листата на постојани едукатори е составена од судии и јавни обвинители кои се избрани од вкупно 119 доставени пријави за постојани едукатори, по претходно јавно објавен и транспарентен повик за пријавување на едукатори, упатен до сите судови и јавни обвинителства во Република Македонија, по однос на активните судии и јавни обвинители, и до Здружението на судиите и Здружението на јавните обвинители во поглед на пензионираните судии и јавни обвинители. Во поглед на повремените едукатори, повикот беше упатен до правните факултети во Скопје, ФОН, Југоисточниот универзитет во Тетово и Третиот државен универзитет во Мала Речица. Листата е изготвена по претходно темелно и подолготрајно испитување на биографиите на кандидатите поднесени до Академијата, како и врз основа на податоците за ефикасноста на предложените судии за едукатори во решавањето на предметите преку извештаите прибавени од самите судови во кои кандидатите ја извршуваат судиската функција. Исто така, Академијата ги имаше предвид и податоците од базата на Здружението на судиите на Република Македонија и Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија, во однос на ангажираноста на судиите и обвинителите на семинари, обуки, работилници, тркалезни маси, конференции и други активности во кои покажале успешни резултати, било како едукатори или учесници во дискусии со свои излагања и презентации, активноста на одделните од нив  во разни комисии и работни групи за изготвување на законски текстови, членство во судски, обвинителски и други здруженија. Врз основа на ваквата анализа, Академијата листата ја состави од предложените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 46 од Статутот на Академијата, а особен а предност претставува познавањето на странски јазик, стекнати соодветни познавања за методите на едукација и начините на учење на возрасните, со помината обука на почетно или напредно ниво за обука на обучувачи, со магистериум или докторат во одредена област, објавени трудови во судската ревија и други стручни правни списанија во Република Македонија и во странство, со позитивни оценки од слушателите на повеќе едукации одржани во рамките на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија. При изборот е почитувано начелото на застапеност на судии и јавни обвинители од сите судски и обвинителски инстанци, начелото на полова застапеност, начелото за регионална застапеност и начелото на правична и соодветна застапеност.

Едукаторите на Академијата ќе ги едуцираат идните судии и обвинители во рамките на почетната обука, а исто така, истите ќе бидат ангажирани и во општите и специјализирани програми за постојано стручно усовршување на разните целни групи кои се предвидени според Законот и Статутот на Академијата, а особено програмата за обука на новоизбраните судии која е со траење од 3 месеци и бара поголем ангажман, како и на судиите, јавните обвинители, стручните соработници во судовите и јавните

обвинителства и друго. Едукаторите, со своето искуство и знаење ќе обезбедат континуиран професионален развој и надградување на сознанијата на постојните судии и обвинители за актуелните состојби на правото, неговите измени и дополнувања и за судиската и обвинителската практика, со обврска за користење на современи техники и методи на предавање, користење на практиката на домашните и странски судови, литература, правна теорија, наука итн.

Со составување на поширока листа на постојани (судии и јавни обвинители) и повремени (од најразличен профил и професии, професори од факултетите, адвокати, заменици на Омбудсманот, и други правни експерти, но и експерти од други професии, економисти, информатичари, лингвисти итн.) едукатори, Академијата ќе настојува да се избегне класичниот и факултетски средношколскиот систем, каде наставната дејност е сконцентрирана во рацете на еден или неколкумина едукатори како класични професори. Концепцијата на Академијата, на која интензивно се работи, е изработка на програма за почетна обука која нема да обезбеди едни исти едукатори од кривична или граѓанска област да бидат постојано ангажирани на сите теми од материјалното и процесното право, туку програма за почетна обука која ќе опфаќа одделни модули или теми од основните правни предмети кои се изучуваат во смисла на член 96 и 124 од Статутот на Академијата. Воведувањето на ваквите одделни наставни теми или целини, ќе обезбедат, во наставата да се вклучат поголем број едукатори од причина што дел од нив ќе ја спроведуваат обуката од општите области на правото, погоре споменати, а дел би вршеле едукација по конкретни теми за кои се стручни и професионално оспособени, со што ќе придонесат за продлабочување на знаењето на учесниците во одделни области, и тоа првенствено преку акцентирање на практичниот пристап во наставата, а за теми како: организиран криминал, економски и финансиски криминал, права од индустриска сопственост, борба против корупција, стечај, алтернативно решавање на спорови, човекови права и други специфични теми. Со оглед дека постојаните едукатори се активни судии и обвинители кои секојдневно извршуваат мошне важни и обемни задачи, преку вклучување на поголем број едукатори кои ќе имаат помал број на наставни часови, ќе се избегне евентуална можност истите да бидат подолготрајно попречени во извршувањето на нивните редовни работни обврски, што би можело да резултира со намалување на нивната ефикасност и зголемување на бројот на заостанати предмети во работа.

# РЕГИОНАЛНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во рамки на генералните определби на Република Македонија за зачленување во Европската унија се и заложбите и ориентацијата на Академијата кон компаративните искуства и регионална и меѓународна соработка. Стратегиска цел на Академијата е да воспостави соработка со сродните институции на земјите во регионот и пошироко, заради размена на искуства во сферата на почетна обука на кандидати за судии и заменици јавни обвинители, како и постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители.

За таа цел, со отпочнувањето со својата дејност, Академијата спроведе широка акција за своја промоција во смисла на воспоставување нова и продолжување на веќе воспоставената соработка со сите релевантни домашни и странски организации и институции. Во таа смисла, поаѓајќи од определбата  на Академијата за отвореност и вклученост во процесот на Европска интеграција, беа воспоставени средби со претставници на мисиите на НАТО и Европската унија во Република Македонија, Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје како и Амбасадите на САД, Франција, Норвешка, Унгарија, Холандија, итн., на кои беа определени рамки и параметри на идна соработка.

Академијата, исто така, воспостави билатерална соработка со сите институции за обука на правосудството во Европа. Со оглед дека со подготвувањето на актите и програмите на Академијата започна без ниту еден искуствен пример во однос на почетната обука во Република Македонија, во основа, целата подзаконска регулатива на Академијата, како и наставните програми беа изработени или се подготвуваат со користење на искуствата, регулативата, начинот на организација и дизајнирање на програмите и самата обука на школите кои имаат богато искуство и традиција, како што се оние на Франција, Шпанија, Португалија, а особено на оние од регионот, како Албанија и Романија. Во таа смисла беше и учеството на Директорот на Академијата на регионалните конференции на институциите за обука на правосудството, кои се одржаа во Букурешт, Република Романија, Драч, Република Албанија и Сараево, Босна и Херцеговина.

Во рамки на меѓународната соработка, Академијата го продолжи членството на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија во Лисабонската мрежа на институции за обука на правосудството, која постои во рамки на Советот на Европа, со номинација на Министерот за правда на Република Македонија, како единствена институција во Република Македонија која врши обука на правосудството.

Во јануари 2007 година, Академијата започна со постапка за зачленување како држава набљудувач во Европската мрежа за обука на правосудството (EJTN), која функционира во рамки на Европската унија. Апликацијата на Академијата за стекнување на статус на држава набљудувач во EJTN ќе биде разгледана на следното Генерално собрание на EJTN, кое од 11 до 13 јуни 2007 година ќе се одржи во Трир, Сојузна Република Германија.

Во однос на проектите, кои Академијата ги реализира со надворешни партнери и донатори, во претстојниот период, односно до крајот на 2007 година ќе се имплементираат следниве активности:

## НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА CARDS 2004

CARDS 2004 проектот „Техничка помош за поддршка на формирање на институт за обука на правосудството – втора фаза" има за цел да придонесе за развојот на владеењето на правото и да промовира независно и ефикасно правосудство, помагајќи во формирањето на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, односно, да даде придонес кон создавање на функционален и ефикасен правосуден систем врз основа на европските и меѓународните стандарди преку три компненти:

1. нормативна – изготвување/измена на релевантната законска регулатива, како и општи акти на Академијата;
2. обука – помош во изготвување и спроведување програми за почетна обука и постојано стручно усовршување и спроведување на подготвителна настава за припадниците на заедниците во Република Македонија, квалификационен тест, приемен и завршен испит;
3. поддршка на институционалниот развој на Академијата и обезбедување на нејзината одржливост.

Техничката помош на Проектот во однос на првата компонента, се состои од анализа на постоечката регулатива и доставување на сугестии од експертот на Проектот на кои треба да се концентрираат идните напори во оваа компонента. Исто така, Проектот спроведува анализа на повеќе релевантни законски прописи и прави проценка на потребите од измени на релевантните закони, коишто се однесуваат на едукацијата на судиите и јавните обвинители. Како резултат на оваа активност, Академијата, до крајот на 2007 година ќе иницира постапка за измена на Законот и Статутот на Академијата, во сегментите кои се покажуваат како недостатоци, нејаснотии и празнини во примената на Законот и Статутот, а беа констатирани во процесот на подготвување на подзаконската регулатива, односно, општите акти на Академијата.

Во однос на втората компонента, Проектот и достави на Академијата за обука на судии и јавни обвинители Предлог наставни програми за обука, и тоа: Предлог наставна програма за почетна обука, Предлог наставна програма за континуирана обука за судии и обвинители со помалку од три години служба, Предлог наставна програма за континуирана едукација на службеници во судовите и обвинителствата, Предлог наставна програма за обука на стручни соработници во судовите и обвинителствата, Предлог наставна програма за подготвителна настава за припадниците на сите заедници во Република Македонија и Предлог наставна програма за обука на едукатори, кои беа земени како основа и беа надградувани во процесот на нивното утврдување, во кој беа ангажирани и судии, јавни обвинители, професори од Правните факултети во Република Македонија, како и други правни експерти.

Во поглед на почетната обука, Академијата за обука на судии и јавни обвинители во соработка со Проектот, ќе спроведе подготвителна настава за прием во Академијата. Подготвителната настава за прием во Академијата, согласно член 93 од Статутот на Академијата се спроведува заради доследно остварување на начелото за правична и соодветна застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, посебно за оние кои им припаѓаат на заедниците што сочинуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, но ќе опфати и припадници на македонскиот народ, со оглед на огромниот интерес изразен по повод информирањето на поширокиот јавност за настанот. Подготвителната настава е предвидена да се одржи во втората половина од месец мај.

Во рамки на активноста на спроведување модули за стручно усовршување на судии и јавни обвинители, се започна со организирање на семинари од областа на меѓународното право и правото на Европска унија, кои се спроведоа во февруари, а со оглед на големото интересирање за темите и ограничениот број на судии и јавни обвинители кои учествуваа, семинарот за право на Европска унија ќе биде повторен во втората половина на мај.

Во поглед на сегментот за обука на обучувачи, во соработка со Проектот CARDS 2004 во месец март беше спроведена обука, во рамки на која беа опфатени 16 судии и 4 јавни обвинители.

Третата компонента од Проектот се однесува на јакнење на капацитетите на Академијата и во нејзини рамки предвидена е:

- техничка помош во дизајнирање и имплементација на стратегија за менаџирање на буџетот, која активност ќе продолжи по добивањето на Буџетски циркулар за 2008 година од страна на Министерство за финансии на Република Македонија,
- техничка помош за набавка на опрема, преку која ќе се воведат модерни далечински методи на учење, преку современа информатичка технологија и видео конференциски линкови со судовите и другите сродни институции во Европа,
- техничка помош во дизајнирање и воспоставување на внатрешен информатички систем (интранет систем) на Академијата и
- техничка помош во дизајнирање и воспоставување на Одделение за правно пребарување и документирање и библиотека – во рамки на оваа активност, експертот на Проектот CARDS 2004 задолжен за овој сегмент, спроведе поширока анализа за можностите за поврзување на библиотеката на Академијата со електронските библиотеки во Република Македонија, преку COBISS системот, како и со други бази на правни податоци, во земјата и пошироко.

Во текот на досегашната соработка со Проектот на CARDS 2004, од двете страни беше констатирано дека со техничката помош не се опфатени сите сегменти согласно потребите на Академијата и во таа смисла Академијата изрази подготвеност, по завршувањето на Проектот CARDS 2004 да ја продолжи соработката со Европската унија преку IPA инструментите.

**СПЕЦИЈАЛИЗИРАНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТОЈАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО**
**во соработка со Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, Програмата ОПДАТ на Амбасадата на САД во Скопје и Министерство за правда на Република Македонија**

Станува збор за проект, во рамки на кој поединечните активности се веќе конкретизирани и кои ќе опфатат:

1. ОПШТА ОБУКА ЗА ТЕМИ ОД МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО

| | |
|---|---|
| **Место на одржување:** | Хотел „Холидеј Ин“ - Скопје |
| **Временска рамка:** | 29, 30 и 31 март 2007 година (потврдено) |
| **Начин на спроведување:** | Еден тридневен семинар посветен на општи теми кои се однесуваат на меѓународното хуманитарно право и неговата примена во национален контекст. |
| **Имплементација:** | Академијата директно ќе ја имплементира оваа активност, ќе ги координира судиите, јавните обвинители и другите учесници, ќе ги покрие сите логистички аспекти потребни за ангажирање експерти од МКСПЈ, меѓународни и регионални експерти, итн. ОБСЕ ќе биде во постојана комуникација со лицето за контакт од МКСПЈ и ОПДАТ заради суштинско влијание врз програмските содржини на обуката и сето тоа ќе го координира со Академијата. |

2. ПРВА СТУДИСКА ПОСЕТА ЗА ПРВОСТЕПЕНИ СУДИИ И ОБВИНИТЕЛИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ КРИВИЧЕН СУД ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА

| | |
|---|---|
| **Место на одржување:** | Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија – МКСПЈ во Хаг |
| **Временска рамка:** | 16 - 20 април 2007 година<br>(резервирани датуми, кои сé уште не се официјално потврдени) |
| **Начин на спроведување:** | Студиска посета во траење од четири до пет дена наменета за првата група, составена од 6 првостепени кривични судии, 2 истражни судии, 4 обвинители, 2 претставници од Одделението за заштита на сведоци при Министерството за внатрешни работи, по еден |

претставник од Министерството за правда и Академијата и тројца претставници од ОБСЕ.

**Имплементација:** Суштинските и организациските активности ќе бидат спроведени од страна на ОБСЕ, ОПДАТ и МКСПЈ, во координација со Академијата.

3. ВТОРА СТУДИСКА ПОСЕТА ЗА ПРВОСТЕПЕНИ СУДИИ И ОБВИНИТЕЛИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ КРИВИЧЕН СУД ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА

**Место на одржување:** МКСПЈ во Хаг

**Временска рамка:** 7 - 11 мај 2007 година (резервирани датуми, кои сé уште не се официјално потврдени)

**Начин на спроведување:** Студиска посета во траење од четири до пет дена наменета за втората група, составена од 7 првостепени кривични судии, 2 истражни судии, 4 обвинители, 2 претставници од Одделението за заштита на сведоци при Министерството за внатрешни работи, по еден претставник од Министерството за правда и Академијата и по двајца претставници од ОБСЕ и ОПДАТ.

**Имплементација:** Суштинските и организациските активности ќе бидат спроведени од страна на ОБСЕ, ОПДАТ и МКСПЈ, во координација со Академијата.

4. ТРЕТА СТУДИСКА ПОСЕТА ЗА СУДИИ И ОБВИНИТЕЛИ ОД ПОВИСОКИТЕ ИНСТАНЦИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ КРИВИЧЕН СУД ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА

**Место на одржување:** МКСПЈ во Хаг

**Временска рамка:** Втората половина на годината (после септември 2007 година – дополнително ќе се прецизира)

**Начин на спроведување:** Студиска посета во траење од четири до пет дена наменета за третата група, составена од судии и обвинителите од второстепените инстанци и од Врховниот суд на Република Македонија и Јавното обвинителство на Република Македонија, како и по еден претставник од ОБСЕ, ОПДАТ, Академијата и Министерството за правда.

**Имплементација:** Суштинските и организациските активности ќе бидат спроведени од страна на ОБСЕ, ОПДАТ и МКСПЈ, во координација со Академијата.

5. ЛОКАЛНИ ОБУКИ/СЕМИНАРИ ЗА СУДИИ, ОБВИНИТЕЛИ И СУДСКИОТ И ОБВИНИТЕЛСКИОТ ПЕРСОНАЛ

**Место на одржување:** Просториите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители - Скопје

**Временска рамка (прелиминарна):** 1 и 2 јуни 2007 година (за судии, обвинители и стручни соработници)
28 мај - 1 јуни 2007 година (еднодневни семинари за судските и обвинителските службеници, судиите поротници, овластени судски преведувачи)
8 и 9 јуни 2007 година (за судии, обвинители и стручни соработници)
22 и 23 јуни 2007 година (за судии, обвинители и стручни соработници)

**Имплементација:** Академијата директно ќе ја имплементира оваа активност, ќе ги координира судиите, јавните обвинители, судските и обвинителските службеници и другите учесници, ќе ги покрие сите логистички аспекти потребни за ангажирање експерти од МКСПЈ, меѓународни, регионални и домашни експерти, итн. ОБСЕ ќе биде во постојана комуникација со лицето за контакт од МКСПЈ и ОПДАТ заради суштинско влијание врз програмските содржини на обуката и сето тоа ќе го координира со Академијата.

Концептот за реализирање на овие активности е подготвен на начин што по студиските посети за судиите и обвинителите ќе се одржи циклус на локални обуки/семинари. Стручни соработници ќе бидат вклучени во обуките наменети за главните целни групи одделно и тоа (стручните соработници од судовите ќе бидат вклучени со групата на судии, додека стручните соработници од обвинителствата со групата на обвинители). Како дополнување на овие обуки, ќе се организираат и кратки обуки за судиите поротници и овластените судски преведувачи. Темите за сите овие обуки дополнително ќе бидат определени.

**ОТВОРЕН РЕГИОНАЛЕН ФОНД ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – ПРАВНА РЕФОРМА**
**во соработка со Германското друштво за техничка соработка (ГТЗ)**

Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија со отпочнувањето со својата работа, воспостави соработка со Германското друштво за техничка соработка (ГТЗ). Во рамки на оваа соработка, беше разгледувана и можноста за вклучување на Академијата во Отворениот Регионален Фонд за Југоисточна Европа (ОРФ) како нов инструмент на техничка помош, за што Академијата изготви две иницијативи.

Првата иницијатива на тема: „Обука на судии, обвинители и стручни соработници за право на Европската Унија во специјализирана Академија/Центар за правото на Европската Унија во земјите-членки на Унијата“ Академијата ја изработи и ја поднесе самостојно, додека пак втората беше заедничка иницијатива на Академијата и на Правниот факултет „Јустинијан Први“, на тема: „Обука на судии, обвинители и претставници на релевантните институции кои работат на примена на Законот за стечај и Законот за трговски друштва“.

Во овие рамки, на 1 и 2 март 2007 година, во Белград, Република Србија, во насока на подготвување на земјите-партнери и учесници во Отворениот Регионален Фонд за Југоисточна Европа – правна реформа на ГТЗ, се одржа Регионална Конференција, на која учествуваа претставници на институциите кои имаа поднесено иницијативи до ОРФ. Покрај претставник од Академијата за обука на судии и јавни обвинители, делегацијата од Република Македонија ја сочинуваа претставници на институциите кои поднесоа иницијативи: Секретаријатот за европски прашања, Министерството за економија, Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство, Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Организацијата на потрошувачи на Република Македонија.

**Иницијатива:**
**„Обука на судии, обвинители и претставници на релевантните институции кои работат на примена на Законот за стечај и Законот за трговски друштва“,**
**која има за цел:**

- Модернизирање на Законот за трговски друштва, Законот за стечај и други трговски закони, во смисла на нивно усогласување со правото на ЕУ и акцептирање на Acquis.
- Зајакнување на корпоративното работење и корпоративната социјална одговорност на друштвата.
- Обука на судиите и јавните обвинители за начинот на примена на Законот за стечај и Законот за трговски друштва во корелација со регионалните искуства, на тој начин придонесувајќи кон јакнење на капацитетите на Македонското правосудство, зголемување на јавната доверба во правосудството и согласност на домашното законодавство со релевантното Acquis на Европската унија.

**Иницијатива:**
**Обука на судии, јавни обвинители и стручни соработници за правото на Европската Унија во специјализирана Академија/Центар за правото на Европската Унија во земјите-членки на Унијата“**

**во рамки на која ќе се реализира:**

- Обука на судии, јавни обвинители и стручни соработници од областа на правото на Европската унија во специјализирана Академија/Центар за Правото на ЕУ, која ќе има за цел зголемување на know how, стекнување на знаења за новините во правото на ЕУ и на тој начин ќе го олесни процесот на приближување и адопција на европското Acquis во националното законодавство во земјите од регионот.

## ГЕРМАНСКА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА СОРАБОТКА (IRZ)

Германската фондација за меѓународна правна соработка е основана од Федералната Влада на Република Германија за помош на земјите од Централна и Јужна Европа, како и новооснованите држави од поранешниот Советски сојуз, во областа на правото, преку:

- Обезбедување на соодветна помош на државите партнери на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа.
- Поддршка на државите – партнери на IRZ Фондацијата во развој на владеење на правото и развој на структурите на пазарната економија.
- Поддршка на државите – партнери на IRZ Фондацијата во областа на приближување на нивните национални права со правото на Европската унија, преку Програмите на Европската Комисија PHARE и TACIS.

Во рамки на иницијалните контакти на Академијата со IRZ фондацијата, беа поставени основите на идната соработка, во рамки на која ќе бидат опфатени млади судии и јавни обвинители, кои ќе следат обука за изучување на германскиот јазик, и ќе остварат студиски посети во Германија.

## ПРОГРАМА HELP НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Примарна цел на програмата HELP на Советот на Европа е да се обезбеди целосно интегрирање на стандардите и концептите на вградени во Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права во наставните програми и планови на националните институции и структури, задолжени за почетна обука и постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители во сите држави членки на Советот на Европа, па во тие рамки и во програмите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Во рамки на вклучувањето на Академијата во регионалната соработка која се обезбедува со HELP Програмата на Советот на Европа, ќе бидат спроведени обуки од областа на човековите права за судии и јавни обвинители, превод на материјали, вклучувајќи и пресуди на меѓународните судови, обука на обучувачи од областа на човековите права, студиски престои во Европскиот суд за човекови права во Стразбур, мисии на странски експерти, итн.

## ТВИНИНГ ПРОЕКТ НА ЕВРОПСКА КОМИСИЈА: КОНКУРЕНТСКО ПРАВО И ПОЛИТИКА

Во рамки на соработката на Академијата за обука на судии и јавни обвинители со овој проект, досега се реализирани три семинари, и тоа, два во март и еден во април 2007 година, кои опфатија судии и јавни обвинители од судовите и јавните обвинителства во Скопје.

Започнувајќи од мај, па се до средина на јули 2007 планирани се уште осум семинари, кои ќе ги опфатат останатите судови и јавни обвинителства во Република Македонија.

Семинарите кои се спроведуваат во рамки на овој проект, покрај теми од областа на европското конкурентско право и националната правна рамка за конкурентското право, опфаќаат и општи теми и институти на правото на Европската унија и европските институции.

## ПРОЕКТ ЗА БИЛАТЕРАЛНА МАКЕДОНСКО – ФРАНЦУСКА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ОБУКА НА ПРАВОСУДСТВОТО

Во рамки на мисијата за согледување и проценка на состојбите, реализирана од г-н Dominique Durand, која се реализираше во март 2007 година, во рамки на овој проект беа идентификувани неколку сегменти на соработка, и тоа:

- Експертиза и обезбедување на различни компаративни материјали од Националната Школа за магистрати на Република Франција, со цел да се олесни процесот на подготовка и спроведување на испитите и почетната обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители;
- Обуки за обучувачи, со цел дополнително да се зајакнат капацитетите, знаењата и способностите на едукаторите во Академијата, со посебен акцент на судиските и обвинителските вештини и некои аспекти на материјалното право;
- Помош во развивање на база на правно пребарување и Центар за документирање во Академијата;
- Размена на наставни програми и посети помеѓу претставници и едукатори од Националната Школа за магистрати на Република Франција и Академијата;
- Експертиза и обезбедување на обуки од областа на материјалното право, вклучувајќи теми од трговското, управното и правото на првиот и третиот столб на Европска унија;
- Обука за изучување на францускиот јазик за едукаторите во Академијата;
- Експертиза и помош во напорите за законодавна и институционална реформа, кои примарно се преземаат од Министерството за правда

## АМБАСАДА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПРОГРАМА ОПДАТ

Во рамки на соработката со Амбасадата на САД во Република Македонија, Академијата продолжи процесот на изучување на француски јазик, на англискиот јазик, која започна да се спроведува во јануари 2007 година. Со оваа обука се опфатени повеќе од 70 судии и стручни соработници од Врховниот суд на Република Македонија, Апелациониот суд Скопје и Основните судови Скопје I и Скопје II. Обуката е организирана за слушатели од почетно и напредно ниво.

Во текот на месец мај и јуни ќе се одржуваат обуки за судиите и јавните обвинители за користење на ИТ, интернет, пребарување на правните бази.

## АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Академијата за обука на судии и јавни обвинители, започнувајќи од декември 2006 година, во своите работни простории го презема одржувањето на часови по француски јазик, кое опфаќа група на судии на Основен суд Скопје I и заменици јавни обвинители до Основното јавно обвинителство Скопје, како и дел од вработените во Академијата. Проектот за одржување на часови по француски јазик беше започнат во рамки на соработката на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија со Амбасадата на Република Франција во Република Македонија, а се спроведува од страна на Францускиот културен центар.

## МЕЃУНАРОДНА ФИНАНСИСКА КОРПОРАЦИЈА (IFC)

Во соработка со Министерството за правда на Република Македонија, а со техничка и финансиска поддршка на Меѓународната финансиска корпорација, Академијата, во месец април 2007 година реализираше семинар за медијација. Учеството на судии на овој семинар беше обезбедено преку преходно дистрибуирање на прашалници до судиите на Основен суд Скопје II, во кои 35 судии изразија заинтересираност за обука од областа на медијацијата.

Тема на семинарот беше како да се препознае предмет кој е подобен за медијација и кога и како да се упати на медијација.

Покрај граѓанските судии од Основен суд Скопје II, на семинарот, во својство на гости, учествуваа и судии на Апелационен суд Скопје, Врховен суд на Република Македонија, претставници на Министерството за правда, како и претставници од Комората на медијатори на Република Македонија.

Со оглед на актуелноста на медијацијата, како и заинтересираноста на судиите за едукација на оваа тема, соработката со Меѓународната финансиска корпорација ќе продолжи со организирање на обуки на оваа тема.

## ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКО УСТАВНО ПРАВО (CECL)

Во рамки на соработката на Академијата со Центарот за европско уставно право – Фондација Themistokles and Dimitris Tsatsos, предвидена е обука на судии и јавни обвинители, која ќе се реализира преку работилници. Основна цел на овој проект е да

обезбеди специјализиран тренинг на судиите и обвинителите, во рамки на кој тие ќе се запознаат со правосудните системи на државите членки на Европската унија и ќе се зајакне поврзувањето помеѓу судиите во институциите партнери.

Темите кои ќе се обработуваат на овие семинари ќе опфатат: институции на Европската унија; судска соработка во граѓански и кривични предмети; правната рамка во однос на миграцијата; транспонирање на правото на Европската унија во националното законодавство и улогата на националните судии во неговата имплементација; борба против организираниот криминал и корупцијата, заштита на човековите права, итн.

## ТВИНИНГ ПРОЕКТ ЗА БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА

Во рамки на овој проект, кој е склучен помеѓу Министерството за правда на Република Италија и Јавното обвинителство на Република Македонија, а кој предвидува експертска помош од Италија за теми од областа на организираниот криминал и корупцијата, Академијата ќе се вклучи во сегментот на обуката, во рамки на која се предвидува одржување на десет семинари, три конференции и повеќе работилници.

Со овој проект ќе бидат опфатени кривични и истражни судии, јавни обвинители, претставници од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и финансиската полиција, како и судската и обвинителската администрација.

## USAID

Во рамки на соработката со USAID, Академијата ќе спроведува обука на судска и обвинителска администрација, на следниве теми: етика за судската администрација, односи со странките, управување со времето, управување со движењето на предметите и безбедноста во судот.

Исто така, постои можност за широка рамка на други модалитети на соработка, чиишто аспекти на реализација би се договориле во текот на 2007 година, како на пример:

- изготвување на база на податоци за Академијата
- развој на стратегија за управување со буџетскиот процес
- обука на полето на развивање на менаџерски способности на вработените во Академијата
- обука на членовите на Програмскиот совет на Академијата

## ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА (EIPA)

Во соработка со Европскиот институт за јавна администрација, со посредство на Академијата судии и јавни обвинители од Република Македонија ќе учествуваат на

семинари кои ќе се одржат во Луксембург, а ќе опфатат теми од областа на правото на Европската унија.

**UNHCR**

По остварени иницијални контакти, во соработка со UNHCR, Академијата ќе спроведува обуки кои ќе се однесуваат на теми за азилот и нелегална миграција, а ќе опфатат судии и јавни обвинители.

# ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Согласно член 30 од Законот за Академија, средствата за работа на Академијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку Буџетот на "Судска власт", како и преку други извори на финансирање, и тоа, донации и подароци и остварување самостојни приходи и приходи преку издавање публикации, реализација на проекти, грантови и слично, со тоа што Академијата не може да прифати средства со чие обезбедување се доведува во прашање нејзината независност.

За 2006 година на Академијата и беше одобрен буџет во износ од 36.590.000,00 денари, а со оглед дека реализацијата на расходите започна од 22 ноември 2006 година, кога Академијата материјално и ресурсно започна да работи, од Министерство за финансии на Република Македонија беа префрлени средства во износ од 3.263.000,00 денари, и до 31 декември таа година беа направени расходи кои се изразени во следниов табеларен приказ:

| Ред. бр. | Опис | Приход | Реализација | Остаток |
|---|---|---|---|---|
| 1. | СТОКИ И УСЛУГИ | | | |
| | Патни и дневни расходи | 150.000,00 | 2.500,00 | 147.500,00 |
| | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 875.000,00 | 14.721,00 | 860.279,00 |
| | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 375.000,00 | 232.607,00 | 142.393,00 |
| | Поправки и тековно одржување | 75.000,00 | / | 75.000,00 |
| | Договорни услуги | 763.000,00 | 126.387,50 | 636.612,50 |
| | Други тековни расходи | 25.000,00 | 15.600,00 | 9.400,00 |
| 2. | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | | |
| | Градежни објекти | 500.000,00 | / | 500.000,00 |
| | Купување на мебел, опрема, возила и машини | 500.000,00 | 498.267,00 | 1.733,00 |

Приходите на Академијата за 2007 година, одобрени од Министерство за финансии од Република Македонија се идентични како и во минатата, односно изнесуваат 36.590.000,00 денари, а ќе бидат распределени на следниве расходни ставки:

| Ред. бр. | Опис | Приход |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | |
| | Основни плати и надоместоци | 5.740.000,00 |
| | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 1,546,000,00 |
| | Останати придонеси од плати | 10.000,00 |
| 2. | СТОКИ И УСЛУГИ | |
| | Патни и дневни расходи | 600.000,00 |
| | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.500.000,00 |
| | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 1.500.000,00 |
| | Поправки и тековно одржување | 300.000,00 |
| | Договорни услуги | 20.540.000,00 |
| | Други тековни расходи | 100.000,00 |
| 3. | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | |
| | Градежни објекти | 2.000.000,00 |
| | Купување на мебел, опрема, возила и машини | 2.000.000,00 |

Расходите на Академијата, во делот на капитални расходи се врши со Годишна програма за инвестирање во Академијата за обука на судиите и јавните обвинители, која значи планирање на одобрените средства за капитални расходи за судската власт, кои се дел од усвоениот Буџет на Република Македонија за фискалната 2007 година.

Како насоки за донесување на Годишната инвестициона програма за 2007 година се третираат следните програмски задачи:

- софтверско проектирање на активностите за имплементација на целите и задачите на Академијата;
- операционализација на програмата за обука;
- планирање на инвестициони активности согласно потребите кои произлегоа во текот на работата на Академијата, а во смисла на проекција за 2008 и 2009 година. Инвестиционите активности треба да предвидат неопходно проширување на просторот

за обука на кандидатите за судии и јавни обвинители, како и за постојаното стручно усовршување на судиите и јавните обвинители;

- планирање на финансиски средства за набавка на канцелариски мебел;
- планирање на финансиски средства за набавка на канцелариска опрема;
- планирање на финансиски средства за компјутерска и видео опрема.

Во рамки на инвестиционата програма, Академијата досега има реализирано набавка на лиценци за Microsoft Office, спроведена како јавна набавка од мала вредност, како и изготвување и одржување на интернет страница на Академијата, спроведено според истата постапка. Бидејќи во Инвестиционата програма за 2007 година е предвидено изготвување и инсталација на повеќе софтвери, како на пример програма за компјутерски избор на прашања и обработка на тестови, потоа, електронска база на податоци, електронско водење на библиотека и друго, се утврди потреба од дополнителна хардверска опрема, која што ќе треба да го поддржи овој софтвер. Опремата која е веќе инсталирана во Академијата, ги нема потребните капацитети за поддршка на овие програми и за таа цел потребно е да се набави хардверска опрема, што ќе резултира со измена на инвестиционата програма во делот на набавка на опрема за видео конференција.

Со оглед дека буџетот кој е одобрен на Академијата за 2007 година, не е доволен за сите предвидени планови и активности, како на пример за набавка на книги, CD-а и други тренинг материјали, а имајќи предвид дека нејзината дејност е образовна, набавката на овие средства е од исклучително големо значење и Академијата ќе настојува тие средства да ги обезбеди преку донации. Така, Академијата и понатаму ќе ја продолжи и развива соработката со сите меѓународни организации.

**ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА**.

Во моментот, Академијата располага со 1 сервер – HP ML150G2 и 35 персонални компјутери – Fujitsu Siemens Computers ESPRIMO E5905. При отпочнувањето со работа на Академијата, во ноември 2006 година, се изврши инсталација на серверот и мрежно поврзување на персоналните компјутери. За таа цел се набавија 35 клиентски лиценци Microsoft Windows Server CAL 2003. За чување резервна копија на документите од серверот, истиот се надгради со соодветна опрема за backup. Во декември 2006 година се инсталира и се сетува опрема за интернет пристап преку интернет провајдерот Он.нет. За заштита од надворешни упади на компјутерската мрежа на Академијата, се набави и се инсталира заштитен уред CISCO ASA5510 Firewall. За одржување постојан напон на струја за основната компјутерска опрема (сервер, рутер, backup уред, firewall), Академијата набави уред за непрекинато напојување.

Во тек се две јавни набавки од мала вредност и тоа едната за изработка и одржување на веб страна на Академијата, а другата за набавка на академски лиценци за Microsoft Office 2003.

До крајот на 2007 година се планира да се спроведат следниве активности во врска со надградбата на информатичкиот систем на Академијата:

- Набавка на програма за електронско тестирање и обработка на тестови
- Изготвување, инсталација и одржување на електронска база на податоци, вклучувајќи и e-learning и distance learning платформа (платформа за електронско учење и учење на далечина)
- Изготвување, инсталација и одржување на електронско водење на библиотека
- Изготвување, инсталација и одржување на електронски деловодник
- Набавка на опрема за видео конференсинг
- Годишна обнова на лиценци за антивирусни програми

Претседател на
Управен одбор

Абдулаким Саљиу